Врз основа на член 75 став 1 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

1. За вршител на должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, се именува Стојан Славески, досегашен директор на Дирекцијата.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**501.**

Врз основа на член 151 став (2) од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 152/19 и 275/19), министерот за правда донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕТЕ КОЕ Е ЖРТВА ИЛИ Е ОШТЕТЕНО СО ДЕЈСТВИЕ КОЕ СО ЗАКОН Е ПРЕДВИДЕНО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО НА НАСИЛСТВО И НА ДРУГИ АКТИ НА ИНДИВИДУАЛНО ИЛИ ГРУПНО НАСИЛСТВО, ЗА 2022 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се обезбедуваат средства за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2022 година.



Средствата за реализација на оваа програма се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, раздел 07001 – Министерство за правда, Програма 10 – Администрација, Категорија 46 – субвенции и трансфери, расходна ставка 464 –Разни трансфери.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, согласно одредбите од Законот за правда за децата.

За реализација на оваа програма од Буџетот на Република Северна Македонија одобрени се 3.000.000,00 денари.

III

Исплатата на обесштетувањето согласно оваа програма од страна на Министерството за правда ќе се изврши најдоцна 30 дена по добивањето на конечното решение за исплата на обесштетувањето од надлежен суд.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма се грижи Министерството за правда.

V

Од страна на Министерството за правда до Владата на Република Северна Македонија се доставува извештај за реализација на средствата од оваа програма, најдоцна до 31 јануари 2023 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-265/2
18 февруари 2022 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Никола Тупанчески**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**502.**

Врз основа на член 60 став (5) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), министерот за здравство донесе

**П Р А В И Л Н И К**

[illegible]

на Македонија“ бр. 100/19, 243/19 и 6/22), во член 10 точка В) во потточката 1) зборовите „доктор на медицина“ се бришат.

Во потточката 2) по зборовите „под надзор на“ зборовите „доктор на медицина“ се бришат.

Во потточката 3) зборовите „дипломиран“ и „доктор на медицина“ се бришат.

Во потточката 4) зборовите „доктор на медицина“ се бришат.

Во потточката 5) зборовите „доктор на медицина“ се бришат.

Член 2

Во член 16 точка В) во потточката 2) зборот „дипломиран“ се брише.

Член 3

Во член 21 точка В) во потточката 1) по зборот „патолог,“ зборот „дипломиран“ се брише.

Член 4

Во член 39 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Општата болница обезбедува најмалку стручен кадар:

1) За внатрешни болести: двајца доктори на медицина специјалисти по интерна медицина со лиценца за работа на одделение до 20 болнички кревети и дополнително по еден доктор на медицина специјалист со лиценца за работа за секои наредни до 20 болнички кревети и тројца здравствени работници со средно образование од медицинска насока;

2) За детски болести: двајца доктори на медицина специјалисти по педијатрија со лиценца за работа на секои 15 болнички кревети и дополнително по еден доктор на медицина специјалист со лиценца за работа, за секои наредни до 15 болнички кревети и тројца здравствени работници со средно образование од медицинска насока;

3) За хируршки болести: двајца доктори на медицина специјалисти по општа хирургија со лиценца за работа на секои 15 болнички кревети и дополнително по еден доктор на медицина специјалист за секои наредни до 15 болнички кревети и тројца здравствени работници со средно образование од медицинска насока;

4) За акушерство и гинекологија: двајца доктори на медицина специјалисти по гинекологија и акушерство со лиценца за работа на секои 15 болнички кревети и дополнително по еден доктор на медицина специјалист за секои наредни до 15 болнички кревети и тројца здравствени работници со средно образование од акушерска насока;

5) За анестезија и реанимација: еден доктор на медицина специјалист по анестезиологија со реаниматологија со лиценца за работа и еден здравствен работ-